Драги ученици и почитувани родители!

Ви посакуваме успешен почеток на учебната 2021/2022 година, учебна година која ќе биде поразлична од претходните. Во нашето училиште ќе се организира настава со физичко присуство за учениците од I до IX одделение.

Приоритетна задача и цел е создавање на потребни услови за непречено и квалитетно реализирање на воспитно - образовната дејност во новонастанатите услови, а истовремено да се осигура безбедноста и здравјето на сите ученици и вработени во училиштето. Затоа сите заедно треба да ги почитуваме и примениме заштитните,епидемиолошки мерки утврдени во Протоколот за постапување на основните училишта во РСМ за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2021/22 настава со физичко присуство.

Одделенските наставници имаат обврска да ги запознаат учениците со Протоколот и заеднички понатаму да се грижат за негово доследно почитување и реализирање. За да бидеме сите заедно побезбедни, Ве замолуваме со внимание да ги разгледате насоките дадени во Протоколот и да се придржуваме кон истите. Во продолжение, еве дел од упатствата за постапување на училиштата за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците:

- Учениците треба да го почитуваат временскиот термин за доаѓање во училиште во согласност со распоредот за влез и користење на посебен влез за секое одделение и паралелка;
- Во училиштето е дозволено влегување само со задолжително користење на заштитна маска и дезинфекција на рацете на сите вработени и на учениците;
- Пред влезот на училиштето се мери телесна температура со безконтактен топломер и доколку има зголемена температура (над $37,4^0$) не се дозволува влез на ученикот во училиштето и родителот се упатува на консултации со матичниот лекар;
- Родителите /старателите ги испраќаат учениците до назначениот влез на училиштето и се забранува нивно влегување во училиштето освен за родителот/старателот или образовниот асистент на ученикот со посебни образовни потреби;
- Се забрануваат сите видови на физички контакти за поздравување меѓу вработените во училиштето и меѓу учениците. Учениците не треба да ги споделуваат своите лични работи (моливи, гуми и сл.) Другарството можат да го изразат и на други начини прифатливи за сегашната ситуација;

- Просториите редовно ќе се проветруваат после секој наставен час и редовно ќе се врши чистење и дезинфекција на просториите и предметите кои почесто се изложени на допир;
- Учениците носат оброк/храна од дома. Оброкот ќе се консумира во училницата во која се реализира наставата и само тогаш е дозволено да се отстрани маската од лицето;
- Учениците ги мијат и ги дезинфицираат редовно рацете. Во училниците ќе биде доставено средство за дезинфекција;
- Доколку ученик, за време на престој во училиште развие симптоми карактеристични на Ковид-19, веднаш се изолира во посебна просторија за изолација во училиштето
  и се известуваат родителите/старателите да го земат детето во најкраток временски период.

Доколку се потврди дека ученик е позитивен на Ковид 19 се известува епидемиолошката служба на надлежниот ЦЈЗ која треба да направи анкета за проценка на степенот на ризик врз основа на контактите кои ги имале.

Уште еднаш Ви посакуваме среќен почеток на новата учебна година и се надеваме дека сите заедно ќе покажеме висок степен на одговорност, така што меѓусебно ќе се заштитиме.

ООУ„Браќа Миладиновци“- Пробиштип

